ШИФРА НА КАНДИДАТОТ

ЗАЛЕПИ ТУКА

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА
ДЕЛ 1

ДРЖАВНА МАТУРА

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА

## ДЕЛ 1

**Време за решавање: 60 минути**

**август 2015 година**

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

### УПАТСТВО ЗА КАНДИДАТОТ

Внимателно прочитај го упатството. Не испуштај ништо.
Залепи ја едната шифра на означеното место на тестот (**„Шифра на кандидатот“**), а другата шифра на означеното место на **листот за одговори**.
**Не врти страници** и не почнувај со решавање на задачите сè додека не ти каже надгледувачот.
Тестот содржи задачи.
На задачите се одговара со заокружување на буквата пред точниот одговор;
Препишувањето е најстрого забрането. Покрај секоја задача е даден бројот на поените за точниот одговор.
Задачите се одговараат прво во тестот. Откако ќе завршиш со одговарањето на прашањата во тестот, **одговорите на задачите пренеси ги на листот за одговори**, според Упатството за пополнување дадено во него.
**Ти посакуваме многу успех!**

© ДИЦ 2015

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*

**1** **Прочитај ја песната *Седум навраќања кон мотивот трепетлика* од Гане Тодоровски и одговори на поставените прашања.**

1.
Зелени клепки несон.
Зелена, нема разбранетост.
Таа е лична средполка,
сред поле сон прегладнета.

2.
Ставата ѝ е зеленило пеперуги
пленети вечно во вишна вертикала.

3.
Прекопнатa за спокој, неспокојна се траќа,
трепери простум, се ѕвира во облаците,
го следи патот, тагува по катунците
и ѕемне кога спотнат средлетните безветрини.

4.
Ја мачи ли бессоница, во уплав ли се тресе
грешно – прегрешена јаловица занесена?

5.
Крстеник да ми беше, со Немир би ја крстел,
немир – немирлика, неродна полска висотија.
Вечерник да сум, трепетот би ѝ го брстел,
трепетот, показ на стравлива самотија.

6.
Колку е само плашливка, самата ќе ви рече,
везден треперење: Утрина, Пладнина, Приквечер.

7.
Им се заблазува на птиците
гнезда што свиле во неа,
на сонот, рожбите, починката им заблазува.
Несонка. Неротка. Зелена неспокојничка.

*(Гане Тодоровски. „Зборови од земја и од злато“,*
*Скопје: Мисла, 1985. стр. 114-115. )*

**(1.1) Која звучна стилска фигура е употребена во стихот: „*пленети вечно во вишна вертикала*“?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Асонанца.
Б. Алитерација.
В. Ономатопеја.
Г. Анафора.

**(1.2) Во историскиот развој на македонската литература, Гане Тодоровски се појавува како претставник на:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. македонската литература по Втората светска војна.
Б. македонската литература меѓу двете светски војни
В. македонската литература од првата деценија на дваесеттиот век.
Г. македонската литература од првата деценија на дваесет и првиот век.

**(1.3) Песната „Седум навраќања кон мотивот трепетлика“ е инспирирана од:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. вистинит настан.
Б. предание.
В. народна поезија.
Г. балада.

**(1.4) Каков тип рима употребил поетот во стиховите од петтата строфа?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Вкрстена.
Б. Паралелна.
В. Обградена.
Г. Машка.

**(1.5) Како е именувана трепетликата во петтата строфа од песната?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Слобода.
Б. Возбуда.
В. Немир.
Г. Љубов.

**(1.6) Според видот (бројот на стиховите), седмата строфа е:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. септина.
Б. секстина.
Б. дистих.
Г. катрен.

**2** **Песните во народната поезија во кои главниот мотив е поврзан со процесот на дневните работни обврски на луѓето, а кои имаат улога да им ја олеснат работата, се викаат:** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. обредни песни.
Б. трудови песни.
В. митолошки песни.
Г. семејни песни.

**3** **Главен лик во романот „*Злосторство и казна*“ е :** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Расколњиков.
Б. Дон Кихот.
В. Онегин.
Г. Естрагон.

**4** **Лириката, епиката и драмата се:** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. жанрови.
Б. видови.
В. родови.
Г. подвидови.

**5** **Со класификација на книжевните видови се занимава:** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. теоријата на литературата.
Б. историјата на литературата.
В. книжевната критика.
Г. историјата на уметноста.

**6** **На која литература припаѓа епот „*Гилгамеш*“?** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Египетската литература.
Б. Асировавилонската литература.
В. Старогрчката литература.
Г. Римската литература.

**7** **Есхил, Софокле, Еврипид се автори на:** **1 поен**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. трагедии.
Б. епови.
В. комедии.
Г. филозофски дела.

**8** **Која од наведениве реченици искажува идно-прекажано дејство?** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Марко ќе одел на одмор со новиот автомобил.
Б. Марко ќе одеше на одмор со новиот автомобил.
В. Марко ќе оди на одмор со новиот автомоби.
Г. Марко одел на одмор со новиот автомобил.

**9** **Определи ја формата што изразува приближна бројност во наведениве примери:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. педесетина.
Б. петмина.
В. пет.
Г. дваесет и пет

**10** **Правилно се напишани зборовите:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. кебап, ќибрит, керамида, ќилим.
Б. ќебап, ќибрит, керамида, килим.
В. кебап, ќибрит, ќерамида, килим.
Г. ќебап, кибрит, ќерамида, килим.

**11** **Во именките *петел* - *петли* е застапена гласовната промена:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. едначење по звучност.
Б. редување (замена на гласовите).
В. обезвучување на крајот на зборот.
Г. испуштање на гласовите.

**12** **Кој од наведените видови зборови спаѓа во групата неменливи зборови?** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Глаголи.
Б. Придавки.
В. Сврзници.
Г. Заменки.

**13** **Во реченицата „*Плачејќи го напушти часот*“, зборот *плачејќи* е:** 1 поен
*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. глаголска придавка.
Б. глагол-врска.
В. глаголски прилог.
Г. глаголска именка.

**14** **Во кој од следните зборови има отстапување од третосложното акцентирање?**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

1 поен

А. Литература.
Б. Архивистика.
В. Претставува.
Г. Контрадикторен.

**15** **Колку сонанти содржи зборот *<u>училишниот</u>*?**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

1 поен

А. 2 сонанти.
Б. 3 сонанти.
В. 4 сонанти.
Г. 5 сонанти.

**16** **Внимателно прочитај го текстот и одговори на прашањата.**

## ЧОКОЛАДО

Чоколадото е можеби „храна за боговите“, но во својата скоро 4 000 години стара историја тоа всушност било повеќе конзумирано како горчлива напивка отколку како јадлива слатка. Антрополозите пронајдоа докази дека чоколадото било правено од предолмечките култури кои живееле на територијата на денешно Мексико околу 1900 г. пр.н.е. Старите жители, кои први култивирале какао стебла кои ги откриле во тропските прашуми на Централна Америка, ги ферментирале, печеле и мелеле зрната во смеса која потоа ја мешале со вода, ванила, мед, чили пиперчиња и други зачини, и ги вареле во густо топло чоколадо.

Цивилизациите на Олмеците, Маите и Астеците откриле дека чоколадото е неодолив пијалак, подигнувач на расположението и афродозијак, што ги довело да веруваат дека поседува мистични и духовни квалитети. Маите го обожавале богот на какаото, и ги резервирале чоколадите за владетелите, воините, свештениците и богатите на мистичните церемонии.

Кога Астеците почнале да доминираат со Централна Америка во 14 век, тие саделе какао мешунки кои не можеле да бидат одгледувани на сувите високи терени на централно Мексико, каде што било срцето на нивната цивилизација. Астеците тргувале со Маите со какао зрна, кои биле толку ценети што служеле како средство за плаќање (во 14 век, Астеците плаќале за мисиркина шунка по 100 зрна какао). Според некои докази, императорот на Астеците во 16 век, Монтезума, пиел по 12 литри чоколадо на ден за да го дигне своето либидо.

Во 14 век, шпанските конквистадори, меѓу кои и Херман Кортез, кој барал злато и сребро во Мексико, наместо со метал во Европа се вратил со чоколадо. Иако Шпанците го засладувале горчливиот пијалак со шеќер од трска и цимет, едно нешто останало непроменето: чоколадото сè уште било деликатесен симбол за раскош, богатство и моќ. Чоколадото ги галело усните на кралевите, и само шпанската елита можела да си го дозволи скапиот увоз.

Шпанија успеала да ја задржи тајната на чоколадото скоро еден век, но тогаш ќерката на шпанскиот крал Филип Трети се венчала со францускиот крал Луј Тринаесети во 1615 г., и таа со себе во Франција ја донела и нејзината страст кон чоколадото. Популарноста на чоколадото веднаш се проширила во другите европски дворови, а аристократите го конузмирале како свој магичен еликсир со волшебни својства. За да ја задоволат сè поголемата потреба за чоколадо, европските моќници основале колонијални плантажи во екваторијалните региони низ светот за да одгледуваат какао и шеќер. Кога болестите донесени од европските освојувачи ја сотреле мецоамериканската работна сила, на плантажите биле увезени робови од Африка и продолжило производството на чоколадо.

Чоколадото останал аристократски нектар сè додека холандскиот хемичар Коенрад Јоханес ван Хоутен во 1828 не ја смислил пресата за какао, со што се револуционеризирало производството на чоколадо. Пресата за какао можела да го исцеди масниот путер од печените какао зрна, по што останувала сува смеса што можела да биде сушена во фин прав, кој потоа можел да се меша со течности и други состојки, да се става во калапи и да се стврднува во јадливо, лесно сварливо чоколадо. Иновацијата од Ван Хоутен се проширила и во модерното време на чоколадото и овозможила негово користење во кондиторската индустрија како состојка, а следствено тоа резултирало со пад на производствените трошоци и така чоколадото станало достапно за народните маси.

Во 1847. британската компанија за чоколади „Џ. С. Фрај, направила прва цврсто јадлива чоколадна табла од путер од какао, какао прав и шеќер. Пронајдокот на Лудорф Линдт во 1879 на машината за мешање, која правела чоколадо со мазна структура и врвен вкус, довело до масовно производство на мазно, млечно чоколадо од фабрички линии за производство. Не треба да имате слатки заби за да препознаете познати семејни производители, како што се Кадберис, Марс или Херши, кои учествувале во чоколадниот бум во доцниот 19-ти и на почетокот од 20-от век, и кои сѐ уште владеат. Денес просечниот Американец конузмира по 5,44 кг. чоколадо секоја година, а годишно во светот се трошат по 75 милијарди долари за чоколади.

*history.com*

**1 поен**

**(16.1) Пронајдоците на антрополозите покажуваат дека првата форма на чоколадо била направена од:**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. култури кои живееле на територијата на денешно Мексико околу 1900 г. пр.н.е.

Б. култури кои живееле на територијата на денешна Венецуела околу 1900 г. пр.н.е.

В. култури кои живееле на територијата на денешна Аргентина околу 1900 г. пр.н.е.

Г. култури кои живееле на територијата на денешен Бразил околу 1900 г. пр.н.е.

**1 поен**

**(16.2) Што култивирале старите жители на Централна Америка за да направат топло чоколадо?**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Ванила.

Б. Мед.

В. Какао стебла.

Г. Шеќерна трска.

**1 поен**

**(16.3) За што ги користеле Астеците какао зрната?**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Средство за плаќање.

Б. Козметичко средство.

В. Како зачин.

Г. Како лек.

**1 поен**

**(16.4) Олмеците, Маите и Астеците верувале дека чоколадото има мистични и духовни квалитети затоа што поттикнувало подобро:**

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. варење на храната.

Б. расположение и афродизијак.

В. полесно дишење.

Г. полесно движење.

**(16.5) Кој го донел чоколадото во Европа?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Ќерката на Филип Трети.
Б. Монтезума.
В. Херман Кортез.
Г. Луј Тринаесетти.

**(16.6) Шпанија морала да ја открие тајната на чоколадото затоа што:** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. ќерката на шпанскиот крал се венчала со францускиот крал.
Б. се намалил увозот на робови од Африка.
В. имало договор меѓу кралевите.
Г. кралот дозволил извоз.

**(16.7) Што направиле моќниците во Европа за да ја задоволат сè поголемата потреба за чоколадо?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Го зголемиле бројот на робовите.
Б. Основале колонијални плантажи.
В. Поттикнале воени судири.
Г. Формирале елитни друштва.

**(16.8) Кои две машини (справи) овозможиле чоколадото да стане достапно за широките народни маси?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Преса и машина за мешање.
Б. Сушара и калапи.
В. Печка и преса.
Г. Машина за мешање и калапи.

**(16.9) Од кои состојки била направена првата јадлива чоколадна табла?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Шеќер од трска и цимет.
Б. Вода, ванила, мед.
В. Путер од какао, какао прав и шеќер.
Г. Ванила, мед и какао.

**(16.10) Чиј пронајдок овозможил производство на мазно млечно чоколадо?** 1 поен

*(заокружи ја буквата пред точниот одговор)*

А. Лудорф Линдт.
Б. Јоханес ван Хоутен.
В. Херши.
Г. Херман Кортез.

*ПРАЗНА СТРАНИЦА*